UDK 811.163.3'282'342.8
DOI 10.33669/KJ2022-33-10
Primljeno / received: 01. 11. 2022.
Prihvaćeno / accepted: 12. 9. 2022.

Изворни научни рад

Васил Дрвошанов
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Институт за македонски јаизк „Крсте Мисирков"
vasildrvoshanov@yahoo.com

Називите на *страницата* во македонските говори

Апстракт: Кодификацијата на современиот македонски јазик е извршена дури во петтата деценија од XX век. Дотогаш македонскиот јазик суштествувал, главно, во дијалектна форма. Оттука, меѓу другото, се јавуваат многу дијалектни разновидности на сите јазични рамништа, а, особено, на лексичко поле.

Врз основа на дијалектниот материјал, користен од картотеката за проектот „Македонски дијалектен атлас" при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, авторот во овој напис по методологијата на ареалната лингвистика ги разгледува називите на *страницата* 'штицата што се става по страните на колата' во македонските говори. Тој забележува дека на македонската јазична територија се вкрстувале различни култури што нашле одраз при именувањето на разгледуваниот предмет од тематското подрачје транспорт и комуникација. Авторот ја претставува распространетоста на големиот број лексеми и на нивните разновидности на сето македонско дијалектно подрачје. Притоа, за секоја дијалектна лексема, тој дава неопходни етимолошки толкувања и врши проверка во македонските лексикографски трудови од аспект на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење.

Клучни зборови: *страница*, македонски говори, македонски јазик, лексика, речници.

Нема никакви дилеми дека македонскиот јазик, според своите главни диференцијални црти, е одделен јужнословенски јазик, кој им припаѓа на словенските јазици. Со оглед на фактот што

Ovaj tekst je licenciran s Creative Commons Attribution 4.0 International License. Za detalje, posjetiti http://creativecommons.org/licenses/by/4.0/.

кодификацијата на современиот македонски јазик е извршена дури во петтата деценија од XX век, дотогаш тој опстојувал, главно, на дијалектно рамниште. Оттука, меѓу другото, се јавуваат многу дијалектни разновидности на сите јазични нивоа, а, особено, на лексичко поле. Тоа се согледува и во тематското подрачје транспорт и комуникација при именувањето на страницата – ‘штицата што се става по страните на колата’ (Видоески 2000: 161) во македонските говори.

Во овој напис, врз основа на дијалектниот материјал, користен од картотеката за проектот „Македонски дијалектен атлас“ при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, се претставува распространетоста на називите со значење ‘страница’ по методологијата на ареалната лингвистика. Имено, во врска со именувањето на *страницата* во македонските говори се јавуваат многу називи со значителен број разновидности, главно, од фонетски карактер, сп.: *јạлн’ăк*[1], *јаст’ăци*, *каната* (*кан’ата, кạн’ата*, *кăн’ата, канатк’и*), *капак* (*кап’ак)*, *клим’ија* (*климиа*, *клим’ии*, *клим’иị*), *кош*, *крила*, *кул’учка*, *леса*, *литра (лотра, рикли)*, *лондра* (*лондро)*, *одар*, *парвази*, *парм’аци*, *перде*, *ражниште* (*ражн’ише*, *ражњиште*, *разниште*, *ражнишче*, *разн’ишча, ражниш’т’а, рăжништа, рăжниша, рăзниште, рăжн’ици*), *рапина* (*араттиње*, *ор’атк’и*, *раптина*, *рапк’и*, *ратќи*), *столпци*, *страница* (*стран’ица, стран’ица*, *стрạн’ица, страйн’ица, стрăн’ица, стрăн’ицй, старн’ица*, *стăрница, стăрница, стăрн’ица*, *стєрница*, *стрница, сраница*, *сран’ица, срăн’ица*, – *страненица*, *странен’ица*, *стрạнен’ица*, *стрăн’еница, стăрн’еин’ци*, – *стăрнеа*, – *страништа, странка*, – *стран’ични даски*), *трое*, *шиндра* и *штица* (*шт’ици*, *шчица*, *шчица*, *ш’ќици*, *зумбови шчици*). Притоа, треба да споменеме дека некои од називите се однесуваат на други делови од колата, употребени за диференцирање при толкувањето на *страницата*.

Страницата како дел од колата, на јазичен план, навидум, изгледа неважна, но богатиот корпус лексеми за неа зборува дека на

[1] Акцентот е одбележен само во оние случаи, каде што има отстапување од акцентот во македонскиот стандарден јазик.

македонската дијалектна територија во текот на историјата се преплетувале повеќе јазици што се рефлектирале при нејзиното именување. Тоа го потврдува етимолошката анализа на дијалектните лексеми, за кои вршиме и проверка во македонските лексикографски трудови *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (Конески 1961 – 1966) и *Толковен речник на македонскиот јазик* (Конески 2003 – 2014) од аспект на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење.

Доминантен назив за именување на ‘штицата што се става по страните на колата’ на македонската јазична територија и при самостојната употреба и при паралелната употреба со други називи е лексемата *страница* со многубројните, главно, фонетски разновидности. Самостојно овој назив, којшто е деминутив од општлослов. и праслов. лексема **starnā* (Тодоров 2010: 487–489; Skok 1973: 341–342), се среќава во шеесетина пунктови на македонскиот дијалектен терен, сп. *страница* (Прилепец – Прилепско, Дихово, Путурус – Битолско, Звечан – Бродско, Црквино – Велешко, Нерези, Ракотинци, Драчево, Зелениково, Бујковци, Бардовци – Скопско, Којнско, Трпејца – Охридско, Глобочица – Струшко, Жерноница, Ростуше, Г. Косоврасти, Горенци, Цепиште – Дебарско, Буф – Леринско, Огут – Кривопаланечко), *стран’ица* (Лугунци – Велешко, П’теле, Д. Котари – Леринско, Крчишта, В’мбел – Костурско, Бобошчица – Корчанско, Праведник – Кавадаречко, Чеган – Воденско, Конско – Гевгелиско, Нивичино – Струмичко, Подареш –Радовишко, Штип, Љуботен – Штипско, Виница, Лезово, Злетово – Пробиштипско, Кнежје, Судиќ – Светониколско, Кнежево – Кратовско), *стран’ица* (Луковец – Воденско), *стр̥ан’ица* (Конопиште, Клисура – Кавадаречко, Сараќиново – Воденско), *страйн’ица* (Стојаково – Гевгелиско), *стрăн’ица* (Липинци, Емборе – Кајларско, Тресино – Воденско, Робово – Струмичко), *стрăн’ицă* (Тремно –Кајларско, Гуменџе – Ениџевардарско), *старн’ица* (Конче – Радовишко), *стăрн’ица* (Дивле –Скопско, С’ботско – Мегленско, Струпино – Воденско), *стєрница* (Вевчани – Струшко), *сраница* (Брезно, Ракотинце

– Тетовско), *срăн'ица* (Савек – Драмско), – *страненица* (Луке – Кривопаланечко), *странен'ица* (Лаки – Виничко, Огут – Кривопаланечко), *стра̣нен'ица* (Г. Пожарско – Мегленско), *стăрнеа* (Пожаране – Гостиварско).

Во значително помал број населби во однос на називот *страница*, на македонското дијалектно подрачје со дваесетина потврдувања при самостојна употреба со значење 'страница' се јавува балканскиот турцизам *каната*, тур.: *kanat*, српскохрв.: *kȁnat*, буг.: *канàта*, алб.: *kanatë*, аром.: *cănată*, ром.: *canát*, грч.: *καμάτι* (Георгиев 1979: 188–189; Јашар-Настева 2001: 85–86; Skok 1972: 31), сп. *каната* (Слепче – Прилепско, Буково – Битолско, Радовиш, Лешок – Тетовско), *кан'ата* (Поп'лжани – Леринско, Сухо, Висока – Солунско, Припечани – Кочанско, Пехчево – Беровско, Тработевиште – Делчевско, Павлешенци, Немањинци – Светиниколско, Долни Стубол, Шопско Рударе – Кратовско, Страцин, Жегњане, Четирце, Клечовце, Орашац – Кумановско, Псача –Кривопаланечко), *ка̣н'ата* (Рожден – Кавадаречко), *кăн'ата* (Ранци – Кајларско).

На трето место, според бројот на застапеноста на називите со значење 'страница', во македонските говори се среќава називот *штица* со неколку фонетски разновидности, сп.: *штица* (Туин – Кичевско, Подлес – Велешко, Леска – Долнопреспанско, Нивици – Малопреспанско, Зеленич – Леринско, Барово – Кавадаречко, Блатец – Виничко, Милетино – Тетовско), *шчица* (Тројаци – Прилепско, Ефловец – Кичевско, Берово), *шчица* (Стеблево – Дебарско), *ш'ќица* (Пештани – Охридско), *зумбови шчици* (Марковени – Костурско).

Називот *штица* дошол преку германскиот или преку народниот латински, сп. хол.: *disk*, герм.: *tisc*, англ.: *disc* 'маса, паница', лат.: *diskus*, а тоа од грч.: *δίσκος* (Георгиев 1971: 466). Според Скок, овој назив е општослов., можеби праслов. заемка, којашто потекнува од војничкиот латинитет (Skok 1973: 408).

Во десетина населби од македонската дијалектна територија со значење 'страница' самостојно се користи називот *ражниште* со

неколку фонетски разновидности, сп. *ражниште* (Пространье, Светорача – Кичевско, Пустец, Л'к, Шулин – Долнопреспанско), *ражн'ште* (Никодин – Прилепско), *ражњиште* (Теарце – Тетовско), *разниште* (Кнежино – Кичевско, Граждено – Долнопреспанско), *ра̏жн'ици* (Раздол – Санданско).

Називот *ражен*, од кој произлегуваат разновидностите со значење 'страница', е праслов. изведенка од **orz-* со помош на придавскиот суфикс *-ьnъ* поименичен со суфиксот *-i̯o*. Се среќава во стцслов.: *rožeń*, српскохрв.: *rážanj*, буг.: *ръжѐн*, чеш.: *rožeń*, пол.: *rożen* (Рачева, Тодоров 2002: 365–366; Skok 1973: 117).

Другите називи со значење 'страница' на македонскиот дијалектен ареал имаат мали или островски ареали.

Во мали ареали самостојно се јавуваат следните називи: *леса, литра* (*лотра*), *клим'ии* и *перде*, сп.: *леса* (Лешница, Тајмишта – Кичевско, Здуње – Бродско, Н. Брезница – Скопско, Тумчевиште –Гостиварско), *литра* (Слепче – Демирхисарско, Смилево – Битолско, Ново Село – Струмичко), *лотра* (Негован – Солунско), *клим'ии* (Горенци – Костурско), *клим'ии̯* (Дедино – Радовишко) и *перде* (Ботун, Речица – Охридско).

Називот *леса* произлегува од општослов. и праслов. **lěsā*, без паралели во балтичката група (Георгиев 1986: 368; Skok 1972: 355–356).

Називот *литра* произлегува од дијалектна варијанта на герм.: *Leiter* – 'скала', *(Wagen)leiter* 'страница на кола' (Георгиев 1986: 432–433). Од герм.: *Leiter* произлегува и разновидноста *лотра* (Skok 1972: 314).

Називот *климија* е од грчкиот јазик, нгрч.: *κλημνία*, стгрч.: *κλημία* (Аргировски 1998: 150; Георгиев 1979: 451).

Називот *перде* е балкански турцизам од персиско потекло, перс.: *pärdä* > тур. *perde*: српскохрв.: *pêrda*, буг.: *пердé*, алб.: *perdé*, *perde*, аром.: *pirdé/birdé*, ром.: *perdeá*, грч.: *περδές* (Дуриданов 1999: 169–170; Јашар-Настева 2001: 64; Skok 1972: 638–639).

Во островски ареали самостојно се употребуваат следните називи: *јалн'ак, парвази, парм'аци* и *ратќи*, сп.: *јалн'ак* (В'дришта – Еницвардарско), *парвази* (Витолиште – Битолско), *парм'аци* (Езерец – Костурско) и *ратќи* (Каменица – Делчевско).

Називот *јалнак* веројатно произлегува од тур.: *yalan*, всушност: *yalğan* (Škaljić 1973: 359) за кој Скок (1971: 751) го дава следното толкување:

Izgleda da su se u ovom balkanskom turcizmu (tur. ***yalan*** *'falsus, mendacium') iz oblasti morala unakrstile dvije osnove, starija, koja možda i nije turskog porekla, i mlađi balkanski turcizam: bug.* ***jalán, jalandžíja****, alb.* ***jallán*** *'falsch'. Najvjerovatnije je da su* ***jala, jalan, jalna*** *(hrv.-kajk. i slov.) panonske posuđenice iz madž.* ***ál*** *'falsus, falsarius, dolosus', odatle* ***ált*** *'täuschen' >* ***jaliti****. Madž.* ***ál*** *je posuđenica iz turskog prije 'honfoglalausa', iz vremena dok su Madžari nomadizirali u društvu turskog naroda* (Skok 1971: 751).

Називот *перваз* е балкански турцизам од персиско потекло, перс.: *pärväz*: српскохрв.: *pȅrvāz*, буг.: *перва̀з*, алб.: *pervás, -zi*, ром.: *perváz*, грч.: *περβάζι* (Дуриданов 1999: 167–168; Јашар-Настева 2001: 65; Skok 1972: 645).

Називот *пармак* е балкански турцизам, тур.: *parmak*: српскохрв.: *pârmak*, буг.: *пармáк*, алб.: *parmák*, ром.: *parmac* (Дуриданов 1999: 72; Јашар-Настева 2001: 65; Skok 1972: 610).

Називот *рапина* со неколкуте разновидности произлегува од ст-слов.: *rěpina* од ие. корен: **rēp-* (Çabej 2002: 311–312).

Само во четири пунктови три називи се дообјаснуваат, сп.: *канатa* – 'лева и десна каната' (Габер – Кривопаланчко), *кан'ати* – 'со рикле' (Ранковци – Кривопаланечко), *разн'ишча* – 'страните на колата' (Попадија – Леринско) и *леси* – 'на четворката' (Киселица – Делчевско).

Во дваесетина населби од македонската јазична територија при именувањето на 'штицата што се става по страните на колата' се среќава паралелна употреба на називите, па дури и синонимна низа,

при што во дваесетина населби прва компонента е називот *страница* или некоја од неговите разновидности, сп.: *стрница // стѝрница // штица* (Челопек – Тетовско), *стѝрн'ици : штици* (Црнешево – Воденско); *страница // каната* (Сараќинце – Тетовско), *стран'ица // кан'ата* (Живојно – Битолско, Градско – Велешко); *стран'ица // леса* (Кратово), *страница // леси* (Карабуниште – Велешко), *стран'ици // леси* (Добролишта – Костурско); *страница // литра* (Кукуречани – Битолско), *стрѝн'ица // лотра* (Пирава – Валандовско, Муртино – Струмичко); *стѝрници // ражништа* (Гломбочани – Долнопреспанско); *стран'ица // клим'ии* (Никоман – Штипско); *стран'ица // лондра* (Богословец – Светиниколско); *стран'ици // стран'ични даски* (Ваташа –Кавадаречко); *стра̣н'ица // рикли* (Миравци – Гевгелиско); – *стран'ица // штица // кан'ата* (Стар Истевник – Делчевско), *стран'ица // штица // кан'ата // лотра* (Младо Нагоричане – Кумановско), *страници // ражништа // столпци* (Волино – Охридско), *стран'ици // разн'ишча // л'еси* (Хрупишта – Костурско), *стѝрници // ражништа // раптиње // шиндра* (Ресен).

Називот *лондра* произлегува од тур.: *londra çokaci* < франц. *le londres* (Георгиев 1986: 469).

Називот *рикла* е разновидност на *ритла*, којашто е добиена со метатеза на *л–р* > *р–л* од *литра* (Рачева, Тодоров 2002: 256, 269), а називот *литра* произлегува од дијалектна варијанта на герм.: *Leiter* 'скала', *(Wagen)leiter* 'страница на кола' (Георгиев 1986: 432–433).

Називот *столб* произлегува од балтослов., општослов. и праслов. **stъlpъ* (Тодоров 2010: 522–523; Skok 1973: 353).

Називот *шиндра* произлегува од герм.: *Schindel* < лат. *scindula* (Skok 1973: 271–272).

Како прва компонента при паралелната употреба на називите со значење 'страница' се јавуваат и другите називи, сп.: *штица // араттиње* (Царев Двор –Ресенско); *штици // канатк'ки* (Ѓавато – Битолско); *штица // перде* (Попоец – Кичевско); *штица // ражн›ишта* (Дуње – Прилепско), *шт'ици // ражниш'т'а*

(Рамне – Охридско); – *кан›ата* // *јаст›ѓци* (Гратче – Кочанско); *кан›ата* // *кап›ак* (Мачево – Беровско); *кан›ати* // *леси* (Древено – Пробиштипско); – *ражниште* // *раптинје* (Лескоец – Охридско), *разниште* // *рапина* (Арвати – Ресенско); – *леса* // *климиа* (Саса –Делчевско).

Називот *јастак* ’2° (metafora) ‘drvo na osovini’ е балкански турцизам изведен со помош на суфиксот *-dık* од *yarmak*: *yazdık* покрај *yastık*: српскохр.: *jàstuk*, буг.: *јастък*, алб.: *jastëk*, *jashtëk*, *jastek*, *jestek*, *jostik* (Јашар-Настева 2001: 86; Skok 1971: 760).

Називот *капак* е балкански турцизам, тур.: *kapak*, изведен на *-ak* од *kapak*, српскохрв.: *kàpak*, буг.: *капàк*, алб.: *kapák*, аром.: *căpáke*, ром.: *capàc*, грч.: κapáκι (Георгиев 1979: 214; Јашар-Настева 2001: 85–86; Skok 1972: 39).

Во десетина пунктови од долновардарските говори и во струмичкиот говор при паралелната употреба на називите, каде што прва компонента е називот *страница* или некој од неговите разновидности, се толкува само паралелниот назив. Притоа, се забележува дека паралелниот назив носи семантичка разлика во однос на ‘штицата што се става по страните на колата’, во зависност од намената на „страницата“, сп.: *стрăн’ица : литри* ‘кога возат снопе’ (Мутулово – Кукушко), *стрăн’ица : литри* ‘се употребуваат кога носат сено, слама и сл.’ (Патарос – Кукушко), *стрăн’ица : литри* ‘кога возат слама’ (Крецово – Кукушко), *стăрн’ица : литри* ‘за снопе’ (Амбар Ќој – Кукушко), *стран’ица : лотра* ‘за слама, сено што товараме’ (Габрово – Струмичко), *стран’ица : лотра* ‘за носење сено’ (Вељуса – Струмичко), *стран’ица : лотра* ‘кога се носи сено, слама’ (Дукатино – Струмичко), *стрăн’ица : лотри* ‘за слама’ (Дојран – Гевгелиско), *стрăн’ица : лотри* ‘кога носеле снопје’ (Градобор – Солунско).

Називот *страница* или некоја од неговите разновидности во неколку населби се употребува паралелно со други називи како синоним, при што тие не се толкуваат, наспрема називот со друго значење што се толкува, сп.: *стран’ица* // *штица : лотра* ‘кога се

носи слама' (Костурино –Струмичко); *стрăн'еница // штица* : *леси* 'страненици што се клаваат кога се товараат снопови' (Тумчевиште – Гостиварско); *страница // каната : ражнишче* 'кога се товара сено' (Драгош –Битолско), *странице // кăнате* : *ражништа* 'шилците на лесите што стојат по страните' (Љубанце – Скопско).

Како прва компонента називот *страница* или некоја од неговите разновидности во мал број пунктови се употребува и со други називи, при што се толкуваат само паралелните називи, сп.: *страница* : *ражниште* 'страницата на колесникот' (Кучково – Скопско), *страница* : *леси* 'плетени, ковани' (Богомила – Велешко), *стран'ици* : *лондра* 'за ставање грозје' (Превод – Светиниколско), *стрăн'ица* : *клим'ии̯* 'дрва долги, стојат на страната кога носат слама, снопје и сл.': *кул'учка, кул'учки* 'дрвца што ги држат страните на колата' (Фурка – Гевгелиско).

Обратен случај има во пунктот Смоларе – Струмичко, каде што се толкува само називот *страница*, наспрема паралелниот назив, сп. *сран'ица* 'не е страница': *лотра*.

Називот *кулучка* произлегува од тур.: kulluk (Skok 1972: 230; Škaljić 1973: 424).

Во десетина населби, во кои отсуствува називот *страница*, како прва компонента при паралелната употреба, се среќаваат називите *штица*, *каната* и *ражниште*, при што се толкува само паралелниот назив што има различна семантика, сп.: *штица : ражниште* 'на голема кола' (Љубојно – Резсенско), *штица* : *ражниште* 'за слама, покабасто' (Радожда – Струшко), *штици : леси* 'ако се од прачки' (Лесново – Пробиштипско); *каната* : *ражнишча* 'за сено' (Струга), *кан'ата : лотра* 'везе снопје' (Долни Балван – Штипско), *кан'ата : лотра* 'снопје сос неа возат' (Спанчево – Кочанско), *кан'ата : лотра* 'кога носат снопје' (Соколарци – Кочанско); *ражништче : литра* 'на коњска' (Д. Дивјаци – Крушевско), *ражништа* : *леса* 'ретко' (Строви̇ја – Прилепско).

Во пунктот Букојчани – Кичевско називите *штица* и *леса* се употребуваат како синоними паралелно со називот *ражништа*, при

што називите *штица* и *леса* не се толкуваат, наспрема називот *ражништа*, сп. *штица // леса : ражништа* ‘леси’.

Обратен случај има во населбата Крушје – Ресенско, каде што се толкува само називот *ра̏жниша*, наспрема паралелните називи, сп. *ра̏жниша* ‘на голем одар’ : *раптинје // одар*.

Називот *одар* веројатно е од праслов.: **a-drъ*. Се среќава во неколку словенски јазици, сп. стцслов.: *odrъ*, српскохрв.: *ȍdar*, буг.: *ȍдър*, слов.: *oder*, чеш.: *odr*, *odry*, рус.: *одер* (Георгиев, Дуриданов 1995: 809–812; Skok 1972: 543).

Во петнаесетина пунктови на македонската јазична територија има диференцирање на називот *страница* или на некој од неговите разновидности наспрема другите називи, изразено преку толкување на називот *страница* по различни основи во корелација со другите називи, дури и тогаш кога има синонимна низа, сп.: *страница* ‘кај воловска кола’ : *каната* ‘кај коњска кола’ (Паралово –Битолско), *страница* ‘на двоколка’ : *каната* ‘на четворија’ (Белимбегово – Скопско), *ста̏рн’еин’ци* ‘обични штици отстрана на колата’ : *канати* ‘подолги од ста̏рн’еин’ците; кога се товара слама, тогаш се клаваат’ (Печково – Гостиварско); *стран’ица* ‘за обична кола’ : *ражништа* ‘за пренесување снопје, слама’ (Скочивир – Битолско), *страница* ‘со штица, по две од страна се клаваат’ : *ражниште* ‘исто од страна се клаваат, кога се товара слама’ (Тополчани – Прилепско), *страница* ‘од штици’ : *ражњишта* ‘се поставуваат на двоколката за носење снопови или дрва’ (Катланово – Скопско), *страница* ‘за ѓубре’ : *разниште* ‘за снопје’ (Извор – Велешко); *страница* ‘обично се клаваат кога се носи со колата камен, песок, ѓубре’ : *лотра* ‘кога се товара: сено, слама, снопја’ (Башино Село –Велешко), *стран’ици* ‘штиците по страните’ : *лотри* ‘греди, на кои има поставени летви, служат само за товар на слама, сено, снопје’ (Марена – Кавадаречко), *стран’ица* ‘за други работи’ : *клим’ија* ‘за снопови од двете страни’ (Старавина – Битолско); во синонимна низа, сп.: *страништа* ‘за четворна кола’ : *каната* ‘леса од прачки’: *ражнишча // разнишча* ‘дирекчиња за двојна кола’ (Љубаништа – Охридско), *сраница* ‘општо’ : *каната*

‘на четворката’ : *ражниште* ‘на двојанките воловски’ (Г. Белица – Бродско), *страница* ‘штица од страната’ : *ражниште* ‘кога се товара слама, сено, снопје и др.’ : *капак, капаци* ‘напред и назад на колата’ (Оровник – Охридско), *странка, странќе* ‘на четворија’ : *ражњиште* ‘се клаваат кога се носи сено, снопје или шум’: *леса, лесе* ‘на колесник’ (Вратница–Тетовско).

Во неколку пунктови, во кои отсуствува називот *страница*, има диференцијација на називот *штица*, односно на називот *ражниште* или на некои од нивните разновидности наспрема другите називи, изразено преку нивно толкување по различни основи во корелација со другите називи, дури и тогаш кога има синонимна низа, сп.: *штица* ‘обично’ : *ражништа* ‘само за снопја’ : *литра* (Крушовјани – Прилепско), *штице* ‘за пченка’ : *ражниште* ‘за снопје’ (Боровец – Струшко), *штици* ‘за мали коли (за мал одар) има плетени со пăртќе или со штици за да не се турува материјалот’ : *леса* ‘на големиот одар наместо душеме, а на малите се ставаат штици’ : *раптина*, *раптиње* ‘на поголемите, за покрупно – гранки, мисериште, пченкарница, слама и сл.’ (Претор – Ресенско); *рăжништа* ‘за сено’ : *леси* ‘за жито’ (Маврово – Гостиварско), *рăзниште, рăзништа* ‘дрвени изделкани да крепат од страна. Повеќе во употреба раптина : *раптина, раптини, раптинче* ‘од дрво’ (Стење – Ресенско), *ражништа* ‘на двојка’ : *литри* ‘на четворките’ : *трońь* ‘долната штица’ (Вранештица – Кичевско).

Називот *трон* произлегува од грч.: *θρονί* (Аргировски 1998: 276–277; Skok 1973: 506).

Во островски ареали се среќава диференцијација на следните називи, сп.: *кан’ата* ‘за земја, за ѓубре’ : *лондро* ‘за слама’ (Думановце – Кумановско), *капак* ‘штица’ : *леси* ‘со пратќе за сено и слама’ (Куново – Гостиварско), *ор’атк’и* ‘на литарката’ : *леси* ‘на четворката’ (Калиманци –Делчевско), *рапк’и* ‘на литарка’ : *крила* ‘на четворка’ (Двориште – Беровско) и *клим’ија, клими:* ‘за снопје носење’ : *кош // леса* ‘за гној, за пченка’ (Тиолишта – Костурско).

Називот *кош* е општослов. и праслов. термин **kasjь*, без паралели во балтичката група (Георгиев 1979: 690–691; Skok 1972: 166–167).

Називот *крило* произлегува од општослов. и праслов.: **(s)kridlo* (Георгиев 1986: 11–12; Skok 1972: 195–196).

При проверката на дијалектните називи и на нивните разновидности за именување на *страницата* – ‘штицата што се става по страните на колата’ во македонските лексикографски трудови *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (Конески 1961 – 1966) и *Толковен речник на македонскиот јазик* (Конески 2003 – 2014), од гледна точка на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење, можат да се забележат извесни совпаѓања и различности.

Во *Речникот* со соодветно значење, освен називот *страница*, е регистриран само називот *литра*, сп. **страница** *f* ... 2... – daska sa strane; na seoskim kolima: lotra, stranica (Конески 1966: 332), **литра** *f* lotra, stramica (Конески 1961: 388).

Голем број од дијалектните називи во *Речникот* се нотирани со други значења, сп.: **јастак** -ци 1. v. перница. 2. slamarica. 3. obrađena leja za rasad (Конески 1961: 309), **каната** *f* zemljani sud za vodu a i za druge tečnosti, krčag (Конески 1961: 318), **капак** -ци *m* kapak. 1. (поклопка) отвори го капакот otvori poklopac; (fraz.) тој става капак на сѐ on nalazi odgovor na svaku reč. 2. (крило на прозрец или врата) затвори го капакот од прозорецот zatvori kapak prozora. 3. (клепка) капаците почнаа да му се затвораат kapci su počeli da mu se sklapaju. 4. kapak na rukavu (Конески 1961: 319), **кош** *m* koš (со различни форми и намена: за товарење, за фаќање риба, за чување пченка, за турање жито во воденица); граден кош grudni koš; (fraz.) фрли го в кош baci ga u koš (Конески 1961: 359), **крило** *n* krilo. 1. (кај птици и инсекти) орелот шири крилја orao širi krila; (fraz.) ми ги потсекоа крилата podsekli su mi krila. 2. (слични на крило конструкции) крило на авион krilo aviona. 3. (едната страна на нешто што се сфаќа како симетрично) крило на зграда krilo od zgrade; крило на врата krilo od vrata; *sport*. на левото крило na levom krill. 4.

(политичка групација) левото крило на земјоделската партија levo krilo zemljoradničke stranke. 5. (fig. заштита) под крилото на бога pod božjim krilom (Конески 1961: 366), **леса** *f* 1. lesa, pleter. 2. (fig. arh.) pletenica (kose). 3. naročita naprava od pruća za lovljenje ribe. 4. v. брана1 (Конески 1961: 383), **брана1** *f* brana, drljača (Конески 1961: 44), **одар**, -дри *m* (1. издигнато место покрај ѕид во соба, кое служи за седење и за лежење. 2. дрвено легло, дрвен кревет) odar; смртен одар mrtvački odar, katafalk (Конески 1965: 27), **пармак**, -ци *m* (arh. колец од ограда на скали, балкон, чардак и сл.) parmak (Конески 1965: 135), **перваз** *m* (издаден раб, рамка на прозорец, слика и др.) pervaz, okrajak, ivica, rub, okvir, ograda, optok (Конески 1965: 151), **перде** *n* (razg.) I perda, perde. 1. zavesa, zastor; си кладе пердиња stavili su zavese. 2. veo, v. превез; (fraz.) му клале перде на очи stavili mu perdu na oči, zaslepili ga, zaludili ga. 3. membrana, opna; (fig.) devičanstvo, nevinost; (fraz.) пукнато перде izgubljen stid; му пукнало пердето on je bez stida i srama. II 1. (болест на окото) navlaka, mrena, beona. 2. (dijal.) ograda; бавча со перде bašta s ogradom (Конески 1965: 151), **столбец** -ци *m dem.* od столб 1 stubić; пред куќата имаше еден столбец pre kućom je bio jedan stubić (Конески 1966: 328), **столб** *m* stub 1. (валчест труп од дрво, камен, метал и сл. укрепен во нешто вертикално) сала на столбови dvorana na stubovima; граничен столб granični stub, kamen; телефонски столб telefonski stub; (fraz.) срамниот столб sramni stub; ’рбетен столб kičmni stub; 2. (fig. потпирач, опора) тој беше столб на организацијата on je bio stub organizacije (Конески 1966: 328), **трон** *m* (dijal.) odar, postelja (Конески 1966: 402), **шиндра** *f* (мала танка и тесна штичка, која се употребува за тавани и покриви) šindra, šindrika, šimla (Конески 1966: 564) и **штица** *f* daska; дебела, танка итн. штица debela, tanka itd. daska; штица за месо daska za seckanje mesa; штица за месење daska za mesenje; (fraz.) со три штици е nema četvrte daske (u glavi), fali mu jedna daska; на гнила штица не гази ne gaziti na trulu dasku; како штица е (мнгу слаб е) biti kao daska (Конески 1966: 573).

Воопшто не се забележани во *Речникот* следните дијалектни називи со разновидностите, сп.: *јалнак*, *климија*, *кулучка*, *лондра*,

ражниште (*ражник*) и *рапина* (*аратина*, *оратка*, *рапка*, *раптина*, *ратка*), односно разновидностите на називите *литра* и *страница*, сп.: *лотра*, *рикла* и *страненица* (*страниште*).

Од дијалектните називи со значење ‘штица што се става по страните на колата’, покрај називот *страница*, во *Толковниот речник* (Конески 2003–2014) е нотиран само називот *ражниште*, сп.: **страница**, *мн.* страници *ж.* ... 2. Бочна површина на нешто (на разбој, на кола и др.). *Ја заврза уздата на страницата на чезата. Низ улиците минуваа коли без страници...* (Конески 2011: 584–585), **ражниште**, *мн.* ражништа *ср.* Странична ограда од кола, обично воловска, со малку заострени вертикални штички, што се става при превоз на снопје, сено и сл. *Сите се служиме со воловски коли со ражништа. Делкав ражништа за воловска кола* (Конески 2011: 18).

Во *Толковниот речник* се забележани и се протолкувани значителен број дијалектни лексеми со други значења, од кои, поради обемноста на речничките статии на некои заглавни зборови, ги приведуваме само толкувањата, без илустративниот материјал, сп. **јастак**, *мн.* јастаци *м.* (разг.) 1. в. перница. 2. Душек полн со слама; сламарица. 3. Леа обработена за расад... (Конески 2005: 432), **каната**, *мн.* канати *ж.* Земјен сад за вода и за други течности со широк отвор и со рачка (Конески 2005: 466), **капак**, *мн.* капаци *м.* 1. Предмет, направа со која се затвора некаков сад, поклопка... 2. Секој предмет, направа што служи за покривање, за затворање на некаков отвор... 3. Дрвено или метално крило на прозорец или врата што може да се отвора и затвора... 4. (анат.) Подвижен, кожен набор што го затвора окото... 5. Свитканиот дел на ракав од кошула, на панталони и сл., манжетна. 6. (прен.) Крај на нешто... (Конески 2005: 472), **кош**, *мн.* кошови и кошеви *м.* 1. Сад со различна форма и големина, сплетен од врбови или други гранки... 2. (спорт.) а) Во кошарката – обрач со мрежа без дно поставен на одредена висина во којшто се уфрла топката... б) Погодок со топката во обрачот. 3. Врша за ловење риби... (Конески 2005: 621), **крило**, *мн.* крилја (на птица), крила (на неживо) *ср.* 1.а) Орган за летање

кај птиците и некои инсекти... б) Таков орган кај некои митолошки суштества. 2. Едната страна од нешто што се сфаќа како симетрично. а) Страничен дел од летало (на авион, едрилица)... б) Едната страна на изграден објект... в) (анат.) Дел од орган во телото на човек или на животно... г) (геогр.) Страна на возвишение. 3. (прен.) Дел од врата, прозорец што се отвора и затвора; пола... 4. (воен.) Десна и лева страна на војската распоредени во борбени редови... 5. (спорт.) Играч на левата или на десната страна во распоредот на играчите на игралиштето... 6. Група во политичка партија или во некаква организација која се разликува во своето идеолошко-програмско сфаќање... 7. (прен.) Заштита... (Конески 2005: 641), **леса**, *мн.* леси *ж.* 1. Нешто што е густо сплетено од прачки и трски... 2. (арх.) Ситни плетенки... 3. Премин преку река од стебла споени како сплав... 4. Направа од прачки за ловење риба. 5. Направа за браносување изорана нива; сп. брана... (Конески 2006: 34), **одар**, *мн.* одри *м.* 1. Издигнато место, обично од дрвени штици, покрај ѕид во соба, кое служи за седење и за лежење... 2. Дрвено легло, дрвен кревет... 3. Легло на кое лежи мртовецот до неговото закопување... (Конески 2006: 457), **пармак**, *мн.* пармаци *м.* (арх.) Дебело парче дрво од ограда на скали, балкон, чардак и сл. (Конески 2008: 37), **перде**, *мн.* пердиња *ср.* (разг.) 1. сп. завеса 1 и 3. 2. в. превез. 3. (само во *едн.*) а) Мембрана, опна. б) (прен.) Невиност, девственост. 4. (само во едн.) Болест на очите; катаракта... (Конески 2008: 64), **трињ**, *мн.* трињови, *избр. мн.* трења *м.* Одар, легло, постела (Конески 2014: 122), **шиндра**, *мн.* шиндри *ж.* Мала тенка, лесна штица што се употребува за изработка на покриви, тавани и сл... (Конески 2014: 437) и **штица**, *мн.* штици *ж.* 1. Парче добро обработено дрво, плоскато и со определена правоаголна форма... 2. Дел од приборот во кујната. а) Дрвена што служи за сечкање при готвењето... б) Плоската, дрвена што служи за месење тесто или за сукање... в) Служи за сервирање на приготвената храна... 3. Дел од прибор во домаќинството што се користи за пеглање... 4. (спорт.) Справа со која се врши отскокнување во гимнастиката за да се дојде до главната справа (греда, вратило, коњ и сл.) на која се одвива вежбата... (Конески 2014: 468).

Не се забележани во *Толковниот речник* следните дијалектни називи со разновидностите, сп.: *јалнак*, *климија*, *кулучка*, *литра (лотра, рикли)*, *лондра*, *рапина* (*аратина*, *оратка*, *рапка*, *раптина, ратка*) и *столбец*, односно разновидностите на називите *ражниште* и *страница*, сп. *ражник* и *страненица* (*страниште*).

На етимолошки план може да се констатира дека на македонската дијалектна територија, освен наследените називи за именување на *страницата* 'штицата што се става по страните на колата', сп.: *кош*, *крило*, *леса*, *одар*, *ражниште*, *рапина*, *столбец* и *страница*, има називи и од туѓо потекло, главно, од турскиот и со негово посредство од персискиот и од арапскиот јазик, а малку називи има од грчкиот и од германскиот јазик.

Бројот на називите од турско потекло е значително голем, сп.: *јалнак*, *јастак*, *каната*, *капак*, *кулучка*, *лондра*, *пармак*, *перваз* и *перде*, во однос на заемките од грчкот јазик, сп.: *климија* и *трон*, т.е. во однос на заемките од германскиот јазик, сп. *литра* со разновидностите *лотра* и *рикла* и називот *шиндра*. За потеклото на називот *штица* има различни мислења.

Врз основа на изложениот материјал може да се констатира дека на македонската дијалектна територија нема единствен назив за именување на 'штицата што се става по страните на колата'. Доминантен назив со над сто потврдувања во самостојна и во паралелна употреба со други називи е лексемата *страница* со своите разновидности. Покрај овој македонски наследен назив, со значење 'страница' во четириесетина пунктови, се јавува и македонскиот наследен назив *ражниште* со своите разновидности. Во поголеми ареали на македонскиот дијалектен терен се среќаваат заемките *каната*, *штица* и *литра* со разновидностите. Помали подрачја на македонската дијалектна територија зафаќаат македонските наследени називи *леса* и *рапина* со разновидностите. Во мали ареали се среќаваат заемките: *климија*, *капак*, *лондра* и *перде*, а во островски ареали, т.е. само еднаш во македонските дијалекти се нотирани македонските наследени називи: *кош*, *крило*, *одар* и

столбец, односно заемките: *јалнак*, *јастак*, *кулучка*, *пармак*, *перваз*, *трон* и *шиндра*.

Брзиот развој на техниката може да ја „исфрли“ колата – ‘дрвеното превозно средство на четири тркала, влечено од запрежен добиток’ од употреба во транспортот и комуникацијата. Денес колата како превозно средство ретко се среќава во руралните средини, а уште поретко може да се сретне во урбаните средини. Постои голема веројатност колата да стане музејски експонат. На тој начин, ќе паднат во заборав називите за разните делови на колата, следствено и на ‘штицата што се става по страните на колата’. Оваа богатство од македонски наследени називи и од заемки за именување на ‘страницата’ зборува дека македонската јазична територија долго време била крстопат на различни култури и јазици. Заемките во народните говори ги откриваат патиштата што го поврзувале македонскиот народ со другите народи во текот на историјата. Дел од македонските наследени називи се стандардизирале во македонскиот јазик за означување на ‘штицата што се става по страните на колата’, сп.: *страница* и *ражниште*, но поголемиот дел од нив и одомашените заемки се стандардизирале со други значења, а дел од дијалектните називи со значење ‘страница’ останале да сведочат дека македонските говори претставуваат непресушни извори за збогатување на македонскиот стандарден јазик со нови називи.

Literatura:

Argirovski, M. (1998): *Grcizmite vo makedonskiot jazik*, Institut za makedonski jazik „Krste Misirkov“, Skopje.

Vidoeski, B. (2000): *Prašalnik za sobiranje materijal za Makedonskiot dijalekten atlas*, Institut za makedonski jazik „Krste Misirkov“, Skopje.

Georgiev, V. I. (red.) (1971–1986): *Bъlgarski etimologičen rečnik*, I–III, Sofiя Izdatelstvo na Bъlgarskata akademiя na naukite, Sofiя.

Georgiev, V. I., Duridanov, I. (red.) (1995): *Bъlgarski etimologičen rečnik*, IV, Izdatelstvo na Bъlgarskata akademiя na naukite, Institut za bъlgarski ezik, Akademično izdatelstvo „Prof. Marin Drinov“,Sofiя.

Duridanov, I. (odgov. red.) (1999): *Bъlgarski etimologičen rečnik*, V, Bъlgarska akademiя na naukite, Institut za bъlgarski ezik Akademično izdatelstvo „Prof. Marin Drinov“,Sofiя.

Jašar-Nasteva, O. (2001): *Turskite leksički elementi vo makedonskiot jazik*, Institut za makedonski jazik „Krste Misirkov“, Skopje.

Koneski, B. (red.) (1961–1966): *Rečnik na makedonskiot jazik so srpskohrvatski tolkuvanja*, I–III, Institut za makedonski jazik „Krste Misirkov“, Skopje.

Koneski, K. (gl. red.) (2003–2014): *Tolkoven rečnik na makedonskiot jazik*, I–VI, Institut za makedonski jazik „Krste Misirkov“, Skopje.

Račeva, M., Todorov T. At. (red.) (2002): *Bъlgarski etimologičen rečnik*, VI, Bъlgarskata akademiя na naukite, Institut za bъlgarski ezik, Akademično izdatelstvo „Prof. Marin Drinov“,Sofiя.

Todorov, T. At. (odgov. red.) (2010): *Bъlgarski etimologičen rečnik*, VII, Bъlgarskata akademiя na naukite, Institut za bъlgarski ezik „Lюbomir Andreйčin“, Akademično izdatelstvo „Prof. Marin Drinov“, Sofija.

Çabej, E. (2002): *Studime etimologjike në fushë të shqipes*, VI, Akademia e shkencave e Republikës së Shqipërisë, Institutii i gjuhësisë dhe i letërsisë, Tiranë.

Skok, P. (1971–1974): *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, I–IV, Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb.

Škaljić, A. (1973): *Turcizmi u srpskohrvatskom-hrvatskosrpskom jeziku*, „Svjetlost“ Izdavačko preduzeće, Sarajevo.

The words for *stranicata* in Macedonian dialects

Abstract: Based on the corpus of dialects used from the card-index of the "Macedonian Dialects Atlas" Project of the Krste Misirkov Macedonian Language Institute and following the methodology of areal linguistics, the author of this article discusses the words for '*stranicata*, the wooden board that makes the sides of the cart' in the Macedonian dialects. He observes that various cultures have met on the Macedonian language territory, which has become evident in the naming of the object under study from the thematic area of transport and communication. The author presents the distribution of many lexemes and their varieties on the whole Macedonian dialect area. He provides the etymology of each lexeme and double-checks their frequency and their meaning in the works of Macedonian lexicography.

The richness of Macedonian inherited words and borrowings used to name "stranicata" indicates that the Macedonian language territory has long been at the crossroads of various cultures and languages. The borrowings in vernacular varieties reveal the roads that have linked the Macedonian people with other peoples throughout history. The author concludes that some Macedonian inherited words have been standardised in the Macedonian language to refer to the 'the wooden board that makes the sides of the cart', *stranica* and *ražnište*, but most of them and the domesticated borrowings have been standardised with other meanings, whereas some dialectal words meaning 'stranica' have remained to bear witness to the fact that Macedonian dialects are an endless source of enrichment of the Macedonian standard language with new words.

Key words: stranica, Macedonian dialects, Macedonian language, lexicon, dictionaries.

Izjava autora o nepostojanju sukoba interesa i poštivanju općih etičkih kodeksa:

Autor potvrđuje da ne postoji nikakav stvarni ili mogući sukob interesa vezan za ovaj tekst te da je tekst napisan u skladu s etičkim kodeksima prema preporukama COPE (Committee of Publishing Ethics).